КЈП НИСКОГРАДБА

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА

Бр. 01-509/1

24.04. 2025 год.

Битола

До

Совет на Општина Битола и Општина Битола
-Градоначалник, Д-р Тони Коњановски

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КЈП"НИСКОГРАДБА"- БИТОЛА ЗА ПЕРИОД ОД

01-01-2025 ДО 31-03-2025 г.

Битола, 15.04.2025 год.

Комунално јавно претпријатие "НИСКОГРАДБА" БИТОЛА

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ТАБЕЛА НА ПРИХОДИ

Конто	ПРИХОДИ	Остварени приходи 2024 (3)	Остварени Приходи за 1 и 2 м. и планирани за 3месец 2025 (4)	Индекс 4 : 3
7400	Приходи од услуги општа даночна стапка	1,854,377.00	2,189,072.00	1.18
74004	Приходи од продажба на добра по член 32 а	0,00	0.00	/
7401	Приходи од услуги повластена даночна стапка	6,616,274.00	7,905,771.00	1.19
7402	Приходи од канализација	15,963,700.00	18,272,091.00	1,14
745	Приходи од употреба на сопствени производи	251,187.00	0.00	/
767	Приходи од субвенции	0.00	0.00	/
769	Останати приходи од работењето	39,655.00	42,122,.00	1.06
7741	Приходи од камати	226,710.00	259,105.00	1.14
7799	Останати финансиски приходи	6,696.00	2,242.00	0.33
	Вкупно	**24,958,599.00**	**28,670,403.00**	**1.15**

Анализирајќи ја горенаведената табела на вкупни приходи за првиот квартал од оваа година споредено со истиот период од 2024 година, може да се забележи дека остварените приходи во 2025 година зголемени се за 15% или изразено во бројки за 3,7 милиони денари.

Кај приходите од услуги (градежни работи) по општа даночна стапка од 18% се забележува зголемување од 18%, во тековната 2025 година споредено со истиот период во 2024 година , ова зголемување се должи на започнатата градежна сезона и новите склучени договори со општина Битола.

Во приходи од услуги со 5% ДДВ спаѓаат приходите од зимско одржување на улици, чистење на коритото на река Драгор и други канали и водотеци и приходи од чистење на канализација., овие приходи се зголемени за 19% споредбено со првиот квартал од минатата година.

До 31 март оваа година приходите од надоместок за канализација се зголемени за 14% споредено со истите од 2024 година, односно изразени во вредност, повисоки се за 2,308,391.00 денари. Овие приходи можат да варираат во зависност од потрошувачката на вода, а се фактурира на потрошени м3 вода по мерни состојби добиени од ЈП Водовод како и од ЈП Стрежево за технолошката вода. Во 2025 година фактурирањето за извршената услуга кон корисниците по м3 одведување на води се врши по нова цена добиена од регулаторна комисија која е повисока од цената во 2024 година.

Приходите од употреба на сопствени производи во првото тримесечие од 2025 година не се остварени.

Приходите од камати во првиот квартал од 2025 година се зголемени за 14% денари споредено со истиот период од минатата година и истите се однесуваат за изготвени каматни листи за правни лица, отужени корисници на канализациона мрежа кои обврските ги плаќаат согласно постигната спогодба на рати.

Другите приходи се во рамките на редовното работење.

ТАБЕЛА НА ТРОШОЦИ

Конто	Вид на расход	Остварени расходи 2024 (2)	Остварени расходи за 1и2 м. и планирани за 3 месец - 2025 (3)	Индекс 3 : 2
400/401	Потрошени суровини и материјали	950,986.00	2,010,933.00	2,12
402	Потрошена енергија	1,077,775.00	945,905.00	0.88
408	Отпис на ситен инвентар	41,250.00	9,950.00	0.24
410	Поштенски, телефонски GPS и интернет услуги	148,703.00	207,177.00	1.39
4136	Услуги за одржување на опремата	700,300.00	828,270.00	1.18
41390	Услуги за обезбедување на имотот	217,161.00	401,000.00	1.85
414	Закупнина	0,00	40,000.00	/
415	Комунални услуги	41,133.00	64,879.00	1.58
4198	Производни услуги	1,281,752.00	2,304,142.00	1.73

Јавно претпријатие "НИСКОГРАДБА" со о. БИТОЛА

41989	Услуги за читање на водомери	309,000.00	299,000.00	0.97
41991	Услуги од агенции за вработување	420,547.00	197,793.00	0.47
421	Бруто плати	20,261,770.00	22,911,473.00	1.13
422	Останати трошоци на вработените,јубилејни награди, регрес, отпремнина и помошти	371,245.00	490,481.00	1,32
430	Амортизација	3,000,000.00	3,000,000.00	1.00
440	Дневници за службен пат	67,717.00	150,966.00	2.23
441	Надомести на трошоци на вработените и подароци	967,972.00	824,264.00	0,85
442	Трошоци за Управен и Надзорен О.	225,570.00	186,666.00	0.83
444 443	Реклами, репрезентација и спонзорство	531,710.00	842,774.00	1,59
445	Премии за осигурување	945,618.00	614,019.00	0,65
446	Банкарски услуги и платен промет	168,056.00	277,894.00	1.65
447	Даноци кои не зависат од резултат админ., судски и др. давачки	78,451.00	95,227.00	1.21
449	Останати трошоци од работењето	336,252.00	302,552.00	0.90
466	Отпис на побарувања	3,247.00	89.00	0.03
468	Надомести на штети од дејноста	428,577.00	0.00	/
469	Дополнително утврдени расходи од минати години	183,311.00	226,586.00	1,24
474	Камати од работењето со неповрзани друштва	133,008.00	67,690.00	0,51
	ВКУПНО :	32,944,161,00	37,299,730,00	1,13

Анализирајќи ја табелата на трошоци во првото тримесечје од 2025 година во споредба со 2024 година се зголемени за 13% или за 4,355,569.00 денари.

- Потрошените суровини и материјали зголемени се за 1,060,247.00 денари споредено со овој вид на трошоци направени во 2024 година.

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" со д.о. БИТОЛА

- Трошоците за енергија намалени се за 12 % споредено со истите во 2024 година и истите зависат од видот на работата и цената на енергенсите.

- Трошокот за отпис на ситен инвентар е намален за 76% во споредба со 2024 година и истиот зависи од вредноста на набавената ХТЗ опрема.

- Трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги се зголемени за 39% во споредба со истите во 2024 година.

- Трошоците за тековно одржување на возилата и опремата покажуваат зголемување за 18% во споредба со истите во 2024 година,

- Трошоците за обезбедување на имотот на Нискоградба се зголемени за 85%. од причина што во 2024 година се обезбедуваше имотот од понеделник до сабота и тоа од 19 часот навечер до 07 часот наутро додека во 2025 се премина кон 100% обезбедување на имотот, 24 часа секојдневно.

- Трошоците за закупнина изнесуваат 40.000,00 илјади денари и истите се однесуваат за просторот каде се сместени наплатните центри.

- Трошоците за комунални услуги покажуваат зголемување од 58%.

- Производните услуги за овој квартал од 2025 година покажуваат зголемување од 73% и истото е резултат на зголемување на трошоците за подизведувачи. Во оваа група на услуги влегуваат услугите за Зимска служба, ангажирање на механизација за транспорт на градежен шут како и услуги за чистење на канализација.

- Трошоците за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП Стрежево секоја година се исти (12 месеци по 93.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Водовод и 10.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Стрежево),

- Трошоците за извршени услуги од агенции за вработување намалени се за 53%, односно намален е бројот на вработувања преку агенција.

- Кај бруто платите во споредба со 2024 година постои зголемување за 13%,

- Останати трошоци за вработените се зголемени за 119,236.00 ден. споредено со истиот период во 2024 година. Во овие трошоци влегуваат исплатени регреси, помошти, отпремнини и јубилејни награди и истите не зависат од залагањето на вработените.

- Амортизацијата не е пресметана и истата за првите три месеци би изнесувала околу 3.000.000 милиони денари,

- Трошоците за службени патувања се зголемени за 83.249,00 денари во споредба со истите од 2024 година , тоа се должи за патување на стручни лица во Скопје и нивни ангажман при евалуација за изведба на пречистителна станица - колекторски систем.

- Во другите надоместоци на вработените влегуваат трошоците за образование и усовршување на вработените и еднократен новогодишен надомест од 5.000,00 денари кој беше исплатен на секој вработен во месец јануари 2025 година. Вкупните трошоци на ова контто 441 за првиот квартал од 2025 година изнесуваат 824,264.00 денари.

- трошоците за УО и НО се намалени за 17% споредено со 2024 година.

- трошоците за реклами, репрезентација и спонзорство се зголемени за 59 %. Во овие трошоци влегуваат и средствата што им се префрлаат на синдикатите за нивното тековно работење.

- премиите за осигурување на имот се намалени за 35% . За ваквата услуга по пат на јавна набавка се избира осигурителна компанија која понудила најповолна понуда, односно најниска цена.

- трошоците за даноци, административни, судски и други давачки се зголемени за 21 % и истите на зависат од залагањето на вработените.

- останатите трошоци од работењето намалени се за 33,700.00 денари или за 10% споредено со истиот период во 2024 година, во овие трошоци влегува издатокот за адвокатски, компјутерски и други услуги.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ НИСКОГРАДБА БИТОЛА

- вредносно усогласување на побарувањата на конто 466 значи извршени отписи на ненаплатливи застарени побарувања од физички и правни лица. Во 2025 година истите се намалени за 97 % во споредба со истиот период во 2024 година.

- надомести на штети од дејноста во 2025 не се евидентирани.

- дополнително утврдени расходи од минати години книжени на конто 469 се трошоци кои не зависат од работењето, односно истите се јавуваат како резултат на сторнирањето на сметки кое се врши врз основа на извештај испратен еднаш месечно од ЈП Водовод и изнесуваат 226,586,00 денари за 2025 година и се повисоки за 24% од 2024 година.

- трошоците за камати се однесуваат за камати за набавени возила на лизинг. Оваа година за првото тримесечје по овој основ исплатени се 67,690.00 денари

Напомена : Извештајот е изработен врз база на евидентираните трошоци и приходи во сметководствената евиденција за први и втори месец и планираните трошоци и приходи за трети месец 2025 годин.

Финансиски резултат

Од 01.01.2024 до 31.03.2024 година	**Од 01.01.2025 до 31.03.2025 год.**
Вкупни приходи ---------- 24.958.599,00	**Вкупни приходи -------28.670.403,00**
Вкупни расходи---------- 32.944.161,00	**Вкупни расходи ---------37.299.730,00**
Финансиски резултат - 7.985.562,00 ден.	**-8.629.327,00 ден.**

Од погоре изнесеното се гледа дека во првото тримесечје од 2024 година КЈП Нискоградба Битола покажува негативен финансиски резултат од **8.629.327,00 денари.**

ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА НА 31.03.2025 ГОДИНА

	31.03.2024	31.03.2025
- Неплатени обврски кон добавувачи ----	**8.197.904,00**	**7.443.419,00**
- Долгорочни обврски по кредити ---------	**4.360.175,00**	**2.262.596,00**
Вкупно обврски	**12.558.079,00ден.**	**9.706.015,00 ден.**

Вкупно ненаплатени побарува	**31.03.2024**	**31.03.2025**
- Побарувања од услуги	12.772.479,00	27.919.325,00
- Побарувања за канализација од домаќинства	30.995.824,00	30.346.089,00
- Побарувања за канализација од правни лица	17.667.617,00	18.605.051,00
Вкупно побарувања	**61.435.921,00ден**	**76.870.465,00 ден**

Од прегледот се гледа дека за првото тримесечие од оваа година постои намалување на обврските кон добавувачи за 10% споредено со истиот период во минатата година и намалување на обврските за кредити по основ на лизинг за 49%.

Побарувањата од купувачи покажуваат зголемување за 21 % по сите основи.

Заклучок

Првото тримесечје од 2025 година КЛП Нискоградба Битола го заврши со загуба од 8.629.327,00 денари и истата во голем дел се должи како резултат на зголемување на платите на вработените за повеќе од 2,6 милиони ден. споредено со истиот перод од минатата година, додека цените за канализациони услуги кон граѓаните и правните лица по неприфаќањето на предложената цена од страна на Советот на општина Битола се зголемија по најнизок основ предложен од Регулаторна комисија и по основ на закон. И покрај големата ангажираност на раководниот тим за намалување на трошоците и останати трошоци во работењето, финансискиот резултат за првиот квартал од тековната 2024 год. е со загуба.

Раководниот тим на КЛП Нискоградба Битола се ангажира во нареден период од тековната година, со почеток на градежната сезона да ги реализира своите планови кои ќе доведат до позитивно работење на претпријатието.

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" со д.о. БИТОЛА

Изготвил:
Марица Тодоровска
Советник за финансова оперативна

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансиски и правни работи

Директор на КЈП Нискоградба – Битола
Зоран Талевски

„НИСКОГРАДБА"
БР. 02-470/4
А. 04 2025 ГОД.
Е И Т О Л А

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 17.04.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот
за работењето на КЈП Нискоградба Битола
за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

1. Се усвојува Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето на претпријатието во наведениот период.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување пред Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година. Имајќи го во предвид Мислењето и предлогот по Извештајот на Одборот за контрола на материјално финансиското работење,одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
-Сектор за финансии,сметководство и комерција
-Совет на Општина Битола
-Градоначалник на Општина Битола

Бр.02-470/4
19.04.2025 година
Битола

Управен одбор
Претседател
М-р Игор Дранговски

Комунално претпријатие со н.о. „НИСКОГРАДБА" БИТОЛА

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ БР. 02-469/4 17.04 2025 ГОД. БИТОЛА

До
Управниот Одбор
на КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на
Материјално финансиското работење-
за извештај за работењето
на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 17.04.2025 година го разгледа извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето во наведениот период.

Извештајот се проследува до Управниот одбор за понатамошно разгледување и соодветно постапување.

Споредени прикажаните приходи и расходи во наведениот период констатирана е загуба од **8.629.327,00 денари**.

Битно е да се потенцира дека за првото тромесечие од оваа година имаме зголемување на платите на вработените од 2,6 милиони денари како и неприфаќањето на цените за канализациони услуги од страна на Совет на Општина Битола кои се зголемија по најнизок основ предложен од Регулаторна комисија и по основ на закон што најмногу придонесе да се оствари горенаведената загуба.

17.04.2025 година

Одбор за контрола на материјално финансиското работење

1. Александар Петровски
2. Благој Ристевски
3. Мартина Мишевска
4. Георгина Ружин
5. Јасмина Ристановска

Комунално јавно претпријатие НИСКОГРАДБА БИТОЛА